# П Р И Р А Ч Н И К
# ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ ДО
# АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ

Под **претставка** или **предлог** се подразбира секое писмено или усно обраќање на подносителите односно корисниците на поштенски услуги до Агенцијата за пошти заради заштита и остварување на своите права и интереси, јавните интереси утврдени со **Законот за поштенските услуги** или заради поведување на друга иницијатива од јавен интерес, освен оние писмени и усни обраќања ( барање за поведување на постапка за остварување на права или правни интереси, иницијатива за вршење на инспекциски надзор) од чија содржина произлегува барање од подносителот за поведување на постапка која е регулирана со друг закон.

**Подносител** на претставка или предлог може да биде секое физичко или правно лице. Доколку во име на подносителот претставката ја поднесува друго лице, задолжително треба да се приложи полномошно заверено кај овластено лице – нотар.

Агенцијата за пошти не постапува по анонимни претставки односно предлози освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврден со закон.

Претставките или предлозите до Агенцијата за пошти може да **се поднесуваат во писмена или електронска форма:**

- на адреса на Агенцијата (Кеј „13-ти Ноември“ГТЦ, кат 2, зграда 4, влез 1, локал 2 -Скопје)
- на официјалниот е -маил info@ap.mk или пак
- усно на записник со лично присуство во просториите на АП.

**Претставката треба да содржи**:

- Име и презиме и адреса/назив и седиште на подносителот на претставката,
- Опис на поштенската услугата за која подносителот се жали,
- Субјектот односно поштенскиот давател против кој се поднесува претставката,
- Придружна документација која е потребна при разгледување на претставката ( копија од поштенска адресница која го содржи бројот на пратката и други податоци, копија од склучен договор со давателот на поштенски услуги и друга документација доколку постои) и
- Прецизно барање.

Доколку претставката се поднесува во електронска форма, документацијата треба да се достави скенирана во прилог на електронската порака.

**Агенцијата за пошти** е должна по приемот да ја евидентира претставката односно предлогот и да ја земе во работа и разгледа, соодветно да постапи и да му одговори на подносителот за основаноста и резултатите од постапувањето во рок од **15 дена** и за сложени прашања во рок од **30 дена** од приемот.

Доколку Агенцијата оцени дека е потребно претставката односно предлогот да се прецизира и да се доставаат докази при разгледувањето, тоа може да го побара од подносителот и во тој случај рокот почнува да тече од почеток.

За поднесување на **претставката** односно предлогот не се плаќа такса.



www.ap.mk